Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 02-3743/1
14 -07- 2025
Скопје

# Политика за управување со услуги за информациска технологија А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

## Цел

Оваа Политика има за цел да обезбеди испорака на високо квалитетни ИТ услуги кои ги исполнуваат потребите на нашите корисници како и внатрешните потреби на А1 Македонија, истите се усогласуваат со целите на организацијата и се во согласност со релевантните стандарди и регулативи.

## Политика

А1 Македонија воспоставува холистичен процесен пристап за да овозможи ефективна испорака на ИТ услугите. Целта на овој документ е да ги утврди целите и принципите кои се основата на нашиот Систем за управување со услуги за информациска технологија:

- Обезбедување на соодветно управување со квалитетот на услугата.
- Одржување на интегритетот на информациите за да се обезбеди нивната точност и применливост
- Обезбедување на соодветна контрола и постојано подобрување преку мерливи цели и следење на успешноста на системот и применетите мерки за информатичка безбедност
- Зголемување на ефикасноста на процесите на испорака и поддршка преку создавање формална рамка за подобрување на услугите кои моментално се развиваат.
- Усогласување на оваа Политика со Политиката и цели за квалитет на А1 Македонија и Политиката за информациска безбедност.
- Обезбедување усогласеност со договорените нивоа на услуги меѓу секторот за ИТ и Сервиси, неговите клиенти и добавувачи, како и управување со секој инцидент и проблем што може да се појави.
- Намалување на ризиците поврзани со континуитетот на исполнувањето на ИТ услугите, заштитувајќи ја инфраструктурата и информациите, од каква било злоупотреба, случајно или намерно, од внатрешен или надворешен извор, спречувајќи секаков безбедносен инцидент и намалување на потенцијалното влијание од нив.
- Ефикасна распределба на ИТ капацитетите и одговорностите.
- Подигнување на свеста, обука и мотивација на персоналот на секторот за ИТ и Сервиси, за важноста на развојот и имплементацијата на системите за управување со ИТ услуги.
- Прилагодување на променливите технологии на пазарот.

Оваа Политика ќе се ревидира заедно со останатите корпоративни политики редовно според претходна договорена динамика за прегледување и проверување на компаниската документација, под услов да има релевантни промени, со цел да се осигура дека е усогласена со Секторот за ИТ и Сервиси, или со организациската стратегија.

Скопје, јули 2025

Управител
Методија Мирчев

Управител
Горан Анѓелески

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС 7068310, Тел: +389 2 3110077, e-mail: info@a1.mk